Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 април 2006 година.

Број 07-1532/1
6 април 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ**
**НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО**

Член 1

Во Законот за оружјето (“Службен весник на Република Македонија” број 7/2005 ), во членовите 84, 85 став 2, 86 став 1, 87 и 89 зборовите: “влегувањето во сила” се заменуваат со зборовите: “започнувањето на примената”.

Член 2

Во членот 90 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “а ќе се применува од 1 јануари 2007 година”.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.